Македонска берза на

хартии од вредност

АД Скопје

ADING
состојка на секоја градба

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје,
Р. Северна Македонија; П.Фах 40; е-пошта: ading@ading.com.mk

- Управен менаџмент: Тел.:+389 2 2034 800, Факс:+389 2034 810
- Контрола на деловен систем: Тел.:+389 2 2034 806, Факс:+389 2034 810
- Финансии: Тел.:+389 2 2034 816, Факс:+389 2034 817
- Примена: Тел.:+389 2 2034 840, Факс:+389 2034 850
- Продажба: Тел.:+389 2 2034 820, Факс:+389 2034 821
- Институт: Тел.:+389 2 2034 860, Факс:+389 2034 850
- Набавки: Тел.:+389 2 2034 824, Факс:+389 2034 825
- Фабрика: Тел.:+389 2 2034 863, Факс:+389 2034 821

АРХ. БРОЈ:

ДАТУМ: 25.08.2020

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2020-30.06.2020 ГОДИНА ЗА АДИНГ АД СКОПЈЕ- ПОЕДИНЕЧНИ ИЗВЕШТАИ

1. **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани извештаи:**

   -Во овој период нема промени во сметководствените политики.

2. **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат:**

   -Во овој период АДИНГ АД Скопје оствари вкупен приход во износ од 164.217 илјади денари кој е поголем од минатогодишниот за 19.960 илјади денари, односно зголемување за 13,8%. Во структурата на приходите најголем удел имаат приходите од продажба во износ од 160.086 илјади денари или 97,5% од вкупниот приход, од кои 64,7% се приходи од продажба на домашен пазар и 35,3% приходи од продажба на странски пазар.

   -Во истиот период, остварени се вкупни расходи во износ од 148.815 илјади денари што претставува зголемување во однос на минатогодишните за 5.433 илјади денари, односно за 3,8%.

   -На крајот на овој период, остварен е позитивен финансиски резултат, односно Добивка пред оданочување во износ од 10.721 илјади денари, која е поголема за 713% во однос на минатогодишната, која изнесуваше 1.504 илјади денари.

3. **Движењето на финансискиот резултат по квартали е следен:**

31.03.2020 = 3.068 илјади денари

30.06.2020 = 10.721 илјади денари( + 7.653 илјади денари во вториот квартал )

4. **Движење на вкупните приходи и расходи по квартали е следен:**

I квартал приходи = 69.657 илјади денари вкупни приходи

I квартал расходи = 66.310 илјади денари вкупни расходи

II квартал приходи = 94.560 илјади денари вкупни приходи

II квартал расходи = 82.505 илјади денари вкупни расходи

5. **Останати значајни финансиски податоци со 30.06.2020 година:**

-На име дивиденда исплатени се 59 илјади денари.

-Во период на намалена градежна активност во земјата,здравствената криза со пандемијата предизвикана од COVID-19, нереализираните капитални инвестиции од државата и сеприсутен проблем со ликвидноста кај компаниите, АДИНГ АД Скопје редовно ги подмирува своите обврски кон компаниите, финансиските институции и државата. За овој период кредитната задолженост е зголемена за 18.362 илјади денари.

-Капиталните инвестиции се во износ од 9.755 илјади денари.

-Залихите на готови производи се намалени за 4.681 илјади денари.

-Добивката пред оданочување во износ од 10.721 илјади денари е за 13,9% поголема во однос на планираната добивка во износ од 9.411 илјади денари.

6. **Проценка за влијанието на COVID-19 врз идното финансиско работење:**

-АДИНГ АД Скопје ги превзема сите мерки за заштита од заразната болест COVID-19 согласно мерките и препораките на државните органи и институции. Имено, во изминатиот период редуцирано е работењето со физичко присуство во деловните простории со обезбедување на услови за почитување на задолжителна социјална дистанца од најмалку 2 метри и согласно работниот процес дел од работните задачи се одвиваат од дома, а дел од вработените родители на деца до 10 години и хронично болни се ослободени од работни задачи согласно мерките и препораките на Владата на кои им се исплаќа редовно плата и сите вработени ги задржаа своите работни места. По завршувањето на вонредната состојба работните процеси се вратија во нормала, со доследно почитување на претходно наведените препораки за заштита. Секојдневно од страна на друштвото се

обезбедуваат средства за лична заштита и средства за лична хигиена за вработените и редовно, односно најмалку еднаш неделно се врши дезинфекција на работните простории од овластена фирма, поради што до 30.06.2020 година имаме дополнителни и непланирани трошоци во износ од 515 илјади денари. Исто така работното време се прилагодуваше согласно забраната за движење, а откажани се сите деловни патувања, собири, презентации итн., воедно контактите со надворешни лица се сведени на минимум. Поради тоа што погоренаведените дејствија и активности започнаа да се одвиваат во периодот на втората половина на месец Март, јасна и конкретна проценка за влијанието на кризата предизвикана од COVID -19 имаме во вториот квартал. Предвидувањето дека за месеците април и мај нема да имаме остварување на реализацијата утврдена во нашиот Бизнис план се оствари, односно во април имавме 80%, а во мај 90% остварена реализација. Тоа не е случај за месец јуни, каде имаме поголема реализација за 19% во однос на предвидената. Намалените расходи во работењето, како и растечкиот тренд во приходите како одминува годината се причина за добриот финансиски резултат заклучно со вториот квартал од 2020-та година.

АДИНГ АД СКОПЈЕ